Врз основа на член 130 став 1 алинеја 20 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10,18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14 и 135/14) член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14 и 199/14), директорот на ООУ „11 Октомври“ - Скопје, Центар на 10.02.2015 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за систематизација на работните места
во ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници, даватели на услуги, помошно – технички лица) во ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар, распоредот, шифрите, називите и описот на работните места по организациони единици (служби) и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Бројот на извршители на работните задачи се менува во зависност од промените што настануваат со зголемување или намалување на обемот на истите.

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар.

Член 4

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар е дадена во Прилог 1 и е составен дел од овој Правилник.

Член 5

Под работни задачи во смисла на овој Правилник се подразбира збир на исти или слични работни операции во рамките на дејноста на училиштето на кои работат еден или повеќе извршители.

Работите, односно работните задачи имаат свои називи кои се употребуваат во вообичаената терминологија.

Член 6

За секоја работа, односно работна задача, се утврдуваат условите за вршење на работата во поглед на стручната подготовка и работните способности кои треба да ги има извршителот при засновање на работен однос и за вршење на работата и работните задачи.

Член 7

При утврдувањето на условите за вршење на работата и работните задачи ќе се води сметка за пропишаните услови со Законот за вработени во јавнот сектор, Законот за административните службеници, Законот за основно образование, Законот за наставници, Законот за работни односи и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

II. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

Член 8

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 32 работни места на административни службеници, даватели на услуги и помошно – технички лица, распоредени по организациони единици (служби) согласно Правилникот за внатрешна организација на ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар, од кои се пополнети 27 работни места, на кои се вработени вкупно 68 извршители.

Член 9

(1) Работните места за административните службеници согласно Законот за основното образование се распоредени на следниот начин:

- Ниво В1- 1
- Ниво Г1- 1
- Ниво Г2- 2

(2) Работните места на даватели на јавни услуги во основно образование согласно Законот за основното образование се распоредени на следниот начин:

- Категорија К – наставници
- Ниво К3 – 51
- Категорија Л – стручни соработници
- Ниво Л3 - 5

(3) Работните места од групата на помошно технички лица согласно Законот за вработените во јавниот сектор се распроредени на следниот начин:

- Подгрупа 1, Ниво А1 – 11
- Подгрупа 2, Ниво А1 - 2

IV. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 10

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 4 работни места на административни службеници, распоредени по организациони единици (служби) согласно Правилникот за внатрешна организација на ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар.

Член 11

Вработените кои вршат работи од административна природа заради остварување на дејноста основно образование имаат статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите од Законот за основно образование, Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

Член 16

Општи услови за административните службеници се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место

со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 12

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници за стручните административни службеници од **категоријата В1** се:

- стручни квалификации, и тоа:
  - за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- најмалку три години работно искуство во струката,
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400

бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потребни општи работни компетенции на средно ниво:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 13

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници за **помошно - стручни административни службеници од категориите Г1 и Г2** се:
- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (A1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потребни општи работни компетенции на основно ниво:
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

V. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ

Член 14

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 24 работни места на давателите на услуги во основното образование, распоредени по организациони единици (служби) согласно Правилникот за внатрешна организација на ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар.

Член 15

Вработените кои вршат работи од дејноста основно образование, имаат статус на даватели на јавни услуги во основното образование и за нив се применуваат одредбите од Законот за основно образование, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за наставници и општите прописи за работни односи.

Член 16

Општи услови се:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 17

Посебни услови за наставниците, стручните соработници и воспитувачите од категорите К и Л се:
- Стручни квалификации: ниво на квалификациите VI А ниво според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180/240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- Има лиценца за наставник издадена од Академијата за наставници и е запишан во Регистарот на наставници со лиценца
- да има положено стручен испит за наставник, стручен соработник, односно за воспитувач.

VI. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО – ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

Член 18

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 4 работни места на помошно - техничките лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар.

Член 19

Вработените кои вршат помошно-технички работи, имаат статус на помошно-технички лица и за нив се применуваат одредбите од Законот за основно образование, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

Член 20

Работните места помошно технички лица се распроедени на следниот начин:

- Подгрупа 1 (одржување на објекти и опрема) Ниво А1 – 11
- Подгрупа 2 (обезбедување на објекти и опрема) Ниво А1 - 2

Член 21

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно –техничките лица во основното образование од подгрупа 1 категоријата А се:

- Стручни квалификации: основно образование/средно стручно образование и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ
- Работно искуство: со и без работно искуство

Член 22

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно –техничките лица во основното образование од подгрупа 2 категоријата А се:

- Стручни квалификации: основно образование/средно стручно образование
- Работно искуство: со и без работно искуство
- Сертификат за ППЗ
- Сертификат за превенција и справување со кризни состојби

Член 23

V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ООУ „11 ОКТОМВРИ“ – СКОПЈЕ, ЦЕНТАР

I. АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

1. АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА

1.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НОРМАТИВНО-ПРАВНИ РАБТИ, ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ОПШТИ РАБОТИ

Реден број и шифра	1 ОБН 01 02 В01 001
Звање на работно место	**Советник за општи и нормативно правни работи**
Назив на работно место	**Секретар**
Број на извршители	01
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Остварување на законско и ефикасно работење во насока на извршување на нормативно-правните работи
Работни задачи	- Следење и примена на законската регулатива, изготвување на нацрт општи акти со кои се регулираат сите сегменти од работењето, изготвување на поединечни акти кои произлегуваат од тековното работење, како и изработување на договори; - Организирање и координирање на работите поврзани со човечки ресурси и анализа на работните места, изработка на функционална анализа и аналитички извештаи во врска со спроведувањето на политиката за управување со човечки ресурси, подготовка на акти за внатрешна организација и систематизација, како и следење и примена на прописите за работни односи, како и законот и подзаконските акти за административните службеници и вработените во јавниот сектор; - Врши работи на спроведување на постапката по јавен и интерен оглас за вработување на административни службеници; спроведување на постапката по јавен оглас за вработување на работници, како и планирање, организирање и спроведување на стручното усовршување и обуки на вработените; - Спроведување на интерните процедури за водење на внатрешните постапки со цел ефикасна, унифицирана методологија за законско спроведување на надлежностите во училиштето; - Спроведување постапки за утврдување неправилности во организационите единици- служби во врска со работењето, примената и придржувањето до законите, подзаконските и интерните акти, насоките од раководниот орган, доверливост и интегритет на информациите, чување на реурсите и економично, ефективно и ефикасно користење на средствата; - Подготовка на решенија за плата, одмори и отсуства на вработените, како и реализација на обврски од здравствено и социјално осигурување на вработените; - Извршување на административни, стручни и други работи за поддршка на директорот, административни и стручни работи за Училишниот одбор; - Подготвување листа на информации од јавен карактер, следење и исполнување на обврските кои произлегуваат од одредбите на Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Закон за заштита на лични податоци, како и на обврски од други закони кои треба да обезбедат законито и непречно функционирање на училиштето; - Употреба и ракување со печатот и штембилот на училиштето, следење и примена на прописите од архивското и канцелариското работење и вршење општи работи; - Одржување службени контакти и кореспонденција со вработените и органите во училиштето и со институции и органи од локалната и поширокатa заедница
Одговара пред	Директор

1.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДСТВО

Реден број и шифра	2 ОБН 01 02 Г01 009
Звање на работно место	**Самостоен референт за сметководствени работи**
Назив на работно место	**Сметководител**
Број на извршители	01
Вид на образование	економско образование
Други посебни услови	
Работни цели	Остварување законско и ефикасно финансиско работење во насока на извршување на финансиското и сметководственото работење
Работни задачи	- Следење и примена на законите и подзаконските акти од областа на буџетското и материјално-финансиското работење; - Следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средства утврдени со буџетот, како и изготвување предлог буџет, годишни, квартални и месечни финансиски планови за буџетот; - Подготвка на финансиски план и негова реализација, како и водење на буџетско сметководство со аналитичка и синтетичка евиденција на приходите и расходите на сметка на буџетот на Република Македонија и на останатите сметки во рамки на трезорската сметка; - Сметководствено евидентирање за извршување на буџетот и подготвување на годишна сметка (биланс на состојба, биланс на приходи и расходи, даночен биланс), како и сметководствено евидентирање на основните средства, евидентирање и плаќање на достасаните обврски; - Организирање на годишниот попис на основни средства, опремата и сравнување на книговодствената со стварната состојба; - Изготвување на единствени инструменти и обрасци за вршење на платниот промет, сметководствено евидентирање и плаќање на достасани обврски и побарувања, сметководствено евидентирање на основните средства на училиштето, изготвување на излезни фактури и навремено задолжување на корисниците, ефикасно вршење на наплата и подготовка на извештаи, анализи и информации за наплатата, со цел предлагање соодветни мерки и активности; - Следење и примена на прописите од областа на даноците, таксите и другите јавни приходи, како и законите и другите прописи од областа на сметководството и платниот промет; - Подготовка на годишен финансиски извештај; обработување на финансиско-материјални документи; - По потреба водење на благајнички работи
Одговара пред	Директор

Реден број и шифра	3 ОБН 01 02 Г02 008
Звање на работно место	**Благајник II Виш референт благајник**
Назив на работно место	**Благајник**
Број на извршители	01
Вид на образование	економско образование
Други посебни услови	
Работни цели	Остварување законско и ефикасно благајничко работење во насока на извршување на финансиското и сметководственото работење
Работни задачи	- Врши пресметка на плата; - Врши книжење и промет на благајната и води дневен благајнички извештај; - Врши рефундирање на боледување над 21 ден н на трудничко боледување во Фондот за здравствено осигурување; - Ги пријавува одјавува вработените во ФЗОМ и ПИОМ; - Изработува месечни, квартални и годишни статистички извештаи; - Води листи на стаж на вработените и изработува М-4, М-8 обрасци и ЕВТ картони ; - Води книга на платени фактури; - Доставува излезни фактури; - Исплатува средства од благајната по писмен налог од директорот; - Води благајнички дневник
Одговара пред	Директор

Реден број и шифра	4 ОБН 01 02 Г02 010
Звање на работно место	**Архивар II Виш референт архивар**
Назив на работно место	**Архивар**
Број на извршители	01
Вид на образование	гимназиско
Други посебни услови	
Работни цели	Остварување законско и ефикасно архивско и канцелариско работење
Работни задачи	- Врши работи од областа на канцелариското и архивското работење, води деловоден протокол и помошни книги за евиденција за примената и испратената пошта (регистар, интерни доставни книги и др.) ; - Примената пошта ја отвора, ја заведува во деловодниот протокол и во интерните книги и ги заведува актите за испраќање, задржува еден примерок за архивирање и се грижи навреме да бидат испратени, како и навремено испраќање на итните пратки; - Прима завршени - архивирани предмети, документи во архива истите ги средува и соодветно ги класифицира и архивира, по потреба издава архивирани предмети од архивата и го евидентира нивното издавање; - Води целосна евиденција за архивираните предмети и ги следи и почитува законски пропишаните рокови за чување на архивираните предмети, постапувајќи во согласност со прописите за чување и поништување на архивската граѓа и во таа смисла остварува соработка со Архивот на Република Македонија на начин што бара согласност од Архивот за поништување на архивираните предмети на кои што им е истечен рокот на чување; - Издава преписи по барање, а по претходно дадено одобрение; - Изготвува пописни листи и листи на архивски знаци согласно законските прописи, изготвува пописни листи на граѓата од трајна вредност, како и изготвува листи на категории на документиран материјал со рокови на нивно чување; - Ги применува постојните информатичко технолошки системи и го применува пишаниот и електронскиот деловник, како и вршење на информативно документациски работи.
Одговара пред	Директор

II. ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ од областа на основно образование

2. СТРУЧНА СЛУЖБА
2.1. ОДДЕЛЕНИЕ НА СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Реден број и шифра	5 ОБН 03 02 Л03 002
Звање на работно место	Психолог во основно образование
Назив на работно место	Стручен соработник - психолог
Број на извршители	01
Вид на образование	Психологија
Други посебни услови	
Работни цели	Пружање на стручна и советодавна помош на ученици, наставници, родители, како и поддршка на наставниците во остварување на нивната работа
Работни задачи	- Запишување на учениците и следење на нивниот развој, преку планирање на наставата и другата воспитно-образовна работа; - Подршка на наставниците за индивидуална работа со учениците, развивање на програми, постапки и инструменти за вреднување на постигањата на учениците и самовреднување на училиштето како и подршка на наставниците за водење на педагошката евиденција и документација; - Откривање и работа со ученици кои манифестираат емоционална и социјална неприлагоденост како и вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби и изготовка на прилагодени програми според нивните образовни потреби; - Соработка со стручните органи на училиштето и со родителите, примена на прописите за остварување на правата и должностите на учениците, напредувањето и изрекувањето на педагошки мерки како и професионална ориентација на учениците; - Планирање, програмирање и организирање на воспитно - образовната работа, учество во организирано стручно и дидактичко-методско образование и надоградување, изготвување програми за надарени ученици во различни области; - Советодавнао – консултативна работа со учениците, родителите и наставниците, изготвување неделни и месечни планови за советување на родители/старатели и на ученици - Активно учество во проекти во кои е вклучено училиштето и организирање на педагошка и методска практика на студентите од наставните факултети; - Учество во изработка на годишна програма, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето како и изготвување на извештаи, прегледи, анализи и други стручни материјали - Водење на педагошки картон и педагошко досие за наставниците како и изготвување на годишна и месечна оперативна програма за сопствената работа
Одговара пред	Директор

Реден број и шифра	6 ОБН 03 02 Л03 001
Звање на работно место	**Педагог во основно образование**
Назив на работно место	Стручен соработник - педагог
Број на извршители	01
Вид на образование	Педагогија
Други посебни услови	
Работни цели	Пружање на стручна и советодавна помош, како и поддршка на наставниците во остварување на нивната работа
Работни задачи	- Запишување на учениците и следење на нивниот развој, професионална ориентација на учениците - Соработка и советодавно – инструктивна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии и социјална неприлагоденост, како и со другите ученици, родителите и наставниците; - Примена на прописите за остварување на правата и должностите на учениците, напредувањето и изрекувањето на педагошки мерки за кршењето на училишните правила на однесување и куќниот ред во училиштето; - Развивање на програми, постапки и инструменти за вреднување на постигањата на учениците и самовреднување на училиштето, планирање, програмирање и организирање на воспитно - образовната работа, како и учество во изработка на годишна програма, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето; - Организирање на педагошка и методска практика на студенти од наставничките факултети; - Подршка на наставниците за индивидуалната работа со учениците, учество во организирано стручно и дидактичко – методско образование и надоградување, подршка на наставниците за водење на педагошката евиденција и документација како и поддршка на стручните активи во изборот на учебници, списанија и друга литература што се користи во училиштето - Активно учество во проекти во кои е вклучено училиштето, Учествува во организирање на културно-хуманитарни акции, екскурзии, излети како и следење на вакцинирањето на учениците; - Водење на педагошки картон и педагошко досие за наставниците - Реализација на Програмата за советување на родители на ученици, организира и реализира работилници со ученици кои имаат три и повеќе слаби или неоправдано отсуствуваат од настава и нивните родители како и Подршка на работата на заедницата на учениците - Во случај на отсуство на некој наставник, работи со учениците од класот - Работи на унапредување на воспитно-обарзовниот процес - Се ангажира во аналитичко-истражувачките работи - Соработува со родителите и старателите на учениците и со нив остварува консултативно-инструктивна работа - Се ангажира во културната и јавната работа на училиштето - За својата работа по потреба изготува извештаи и анализи - Пополнува статистички извештаи
Одговара пред	Директор

Реден број и шифра	7 ОБН 03 02 Л03 003
Звање на работно место	**Дефектолог во основно образование**
Назив на работно место	Стручен соработник - дефектолог
Број на извршители	0
Вид на образование	Дефектологија
Други посебни услови	
Работни цели	Пружање на стручна и советодавна помош на ученици, наставници и родители,како и остварување консултативно-инструктивна работа.
Работни задачи	- Учествува во процесот на детекција, дијагностика, евиденција, прогностика, третман, социјализација, интеграција и културно надградување на учениците - Работи групно и индивидуално со учениците - За работата поврзана со учениците води редовна и уредна дефектолошка документација - Редовно доставува прилози во досиејата на учениците за текот на нивното напредување - Ги следи и применува современите форми и методи на професионална рехабилитација - Ја следи и насочува теоретската и практичната настава во училиштето и за таа цел врши посета на часови со претходна согласност на директорот - Работи на унапредување на воспитно-обарзовниот процес - Се ангажира во аналитичко-истражувачките работи - Соработува со родителите и старателите на учениците и со нив остварува консултативно-инструктивна работа - Се ангажира во културната и јавната работа на училиштето - Оставрува соработка со надворешни соработници од својот домен на работа - За својата работа по потреба изготува извештаи и анализи - Пополнува статистички извештаи - Во случај на отсуство на некој наставник, работи со учениците од класот - По потреба учествува во изготвувањето на извештајот и програмата за работа
Одговара пред	Директор

Реден број и шифра	8 ОБН 03 02 Л03 004
Звање на работно место	**Социолог во основно образование**
Назив на работно место	Стручен соработник - социолог
Број на извршители	01
Вид на образование	Социологија
Други посебни услови	
Работни цели	Следење на развојот на учениците и нивната социјализација во училишната средина како и откривање и превземање превентивни мерки за спречување на настанати социјални проблеми.
Работни задачи	- Го следи воспитно-образовниот процес во училиштето; - Учествува во изработка на годишната програма за работа на училиштето; ја утврдува социјалната структура на учениците и нивниот социјален развој, го следи развојот на учениците и нивната социјализација во училишната средина, како и работи на превземање превентивни мерки за спречување на настанати социјални проблеми; - Работи на откривање на социјални проблеми врзани за учениците и семејствата (материјална необезбеденост, пречки во психофизичкиот развој, воспитна запуштеност, емиционални тегоби, неприлики во семејството, изразени во нарушени брачни и семејни односи), на откривање на појава на малолетничка деликвенција и превзема мерки за отстранување на истата, како и работи со семејствата на учениците, реализира посети на семејствата, ја оценува материјалната положба, условите на живеење, семејните односи; - Соработува со одговорни лица од МВР за согледување и сузбивање на појавите на малолетничката деликвенција; - Обавува консултации со Центарот за социјални работи, Заводот за унапредување на социјалните дејности, Републичкиот и Општинскиот Црвен крст, хуманитарни организации и др, како и изработува социјални анамнези и води досиеја за учениците кои се во положба од потреба за социјална помош; - Учествува во раобтата на стручните органи во училиштето: Наставнички совет, Одделенски совет, стручни активи; ги следи облиците на социјалното однесување на учениците и факторите кои влијаат на нив; ги следи и проучува ученичките интересирања за воннаставни активности, Учествува во работата со учениците за професионално ориентирање; превзема мерки на едукативен план за информирање на учениците а во вид на трибини за болестите на зависност, девијантно однесување, социјални болести и др.; - Придонесува за информирање на наставниците и родителите на Советите и родителските средби преку стурчни предавања на различни теми; - Се грижи за здравствената заштита на учениците, редовно вакцинирање и систематски прегледи; учествува во организирање на ученички социјални акции, во вид на ученички денар, стари учебници, млади активисти на Црвен крст, посета на специјализирани установи за деца и стари лица; - Учествува во анализата на податоците за успехот на учениците и во изработка на годишен извештај за работа на училиштето; - Учествува во подготовка и обработка на сите видови статистички податоци и прегледи за учениците и наставниот кадар;
Одговара пред	Директор

Реден број и шифра	9 ОБН 03 02 Л03 004
Звање на работно место	**Стручен соработник во основно образование**
Назив на работно место	Стручен соработник - библиотекар
Број на извршители	01
Вид на образование	Наука за книжевноста и Образование
Други посебни услови	
Работни цели	Пружање на стручна и советодавна помош на ученици, поддршка на наставниците во остварување на нивната работа,како и водење на училишната библиотека
Работни задачи	- Набавка, средување и евидентирање на стручната литература, белетристика, бесплатни учебници, ученичка литература, часописи, списанија, весници; - Известување на наставниците и учениците за состојбата на книжнот фонд - Водење на картици на книгите и другите изданија; - Води евиденција за издадени и примени книги од учениците и настваниците; - Ја води инвентарната книга за книжниот фонд - Врши отпишување на изгубени и дотрајани книги и ги пријавува во пописна комисија за расходување - Соработува со издавачките куќи и врши избор на книгите - Организира изложби при пригодни свечености во училиштето - Води група млади библиотекари - Води грижа за редот и работата на читалната, го растура ученичкиот печат - Библиотекарот е должен стручно да се усовршува во струката според прописите на библиотекарите на РМ
Одговара пред	Директор

2.СТРУЧНА СЛУЖБА
2.2.ОДДЕЛЕНИЕ НА НАСТАВНИЦИ

Реден број и шифра	10 ОБН 03 02 К03 001
Звање на работно место	Наставник во основно образование
Назив на работно место	Наставник одделенска настава
Број на извршители	28
Вид на образование	Педагогија
Други посебни услови	
Работни цели	Овозможување на општо образование и воспитание на учениците од I–V одделение
Работни задачи	- Вршат подготовка и изведуваат редовна настава, дополнителна, додатна и други воннаставни активности во рамките на наставната програма и утврдениот распоред на часови, планирање на наставата во писмена или електронска форма и избор на наставни средства, вршење на задачи на одделенски раководител - Подготовка на дидактички по**магала, учество во интерно или екстерно проверување на постигањата на учениците, интерактивна настава,** учество во организирано стручно и дидактичко-методско образование и надоградување, водење на педагошка евиденција и документација, ја следат работата и поведението на учениците, даваат помош на учениците во нивната работа и совладувањето на наставната програма и во добивањето на позитивни навики и особини - Учество во работата на стручните органи на училиштето и помош во работата на ученичките организации и заедници - Соработка со стучните органи на училиштет, соработуваат со родителите поединечно и преку родителските состаноци - Менторство на учениците, менторство на приправници - Уредување на кабинети, збирки, училишни работилници и др. - Учествуваат во јавната и културната дејност, општествено корисната работа на учениците, учествуваат во работата на стручните активи, активно учествуваат во работата на одделенските совети и наставничкиот совет; - Ракуваат со збирки, наставни средства и друг прибор за изведување на настава и се здадолжени за нивно чување како и собирање и обработка на податоци во врска со вршењето на воспитно-образовната работа - Припрема , прегледува и оценува ученички писмени задачи и вежби и други задачи предвидени со Наставниот план и програма во врска со наставниот процес - Организирање на културни, и други општо корисни и хумани акции во кои учествуваат учениците, водење слободни ученички активности и работа со ученици на проекти и истражување, подготвување и водење на екскурзии, излети, натпревари**, настава во природа, летувања и логорувања што ги организира училиштето,** учество и работа во комисии формирани од директорот или Училишниот одбор **како и во продолжен престој се грижат за ред и мир на учениците, им помагаат во изготвувањето на домашните задачи им помагаат на учениците при исхраната - добивање на ручек и слично**
Одговара пред	Директор

Реден број и шифра	11 ОБН 03 02 К03 001
Звање на работно место	Наставник во основно образование
Назив на работно место	Наставник по македонски јазик
Број на извршители	03
Вид на образование	Наука за книжевноста и Образование
Други посебни услови	
Работни цели	Стекнување на знаења и вештини на учениците по македонски јазик
Работни задачи	- Вршат подготовка и изведуваат редовна настава, дополнителна, додатна и други воннаставни активности во рамките на наставната програма и утврдениот распоред на часови и планирање на наставата во писмена или електронска форма и избор на наставни средства - Учество во работата на стручните органи на училиштето и помош во работата на ученичките организации и заедници, соработка со стучните органи на училиштето, учествуваат во работата на стручните активи, активно учествуваат во работата на одделенските совети и наставничкиот совет и учество и работа во комисии формирани од директорот или Училишниот одбор - Вршење на задачи на одделенски раководител и соработуваат со родителите поединечно и преку родителските состаноци - Менторство на учениците, менторство на приправници и студентии учество во интерно или екстерно проверување на постигнувањата на учениците - Ракуваат со збирки, наставни средства и друг прибор за изведување на настава и се здадолжени за нивно чување како и уредување на кабинети, збирки, училишни работилници и др. - Подготовка на дидактички помагала и учество во организирано стручно и дидактичко-методско образование и надоградување - Учествуваат во јавната и културната дејност, општествено корисната работа на учениците - Ја следат работата и поведението на учениците, даваат помош на учениците во нивната работа и совладувањето на наставната програма и во добивањето на позитивни навики и особинии вршат собирање и обработка на податоци во врска со воспитно-образовната работа како и водење на педагошка евиденција и документација - Припрема, прегледува и оценува ученички писмени задачи и вежби и други задачи предвидени со Наставниот план и програма во врска со наставниот процес - Организирање на културни, и други општокорисни и хумани акции во кои учествуваат учениците, водење слободни ученички активности и работа со ученици на проекти и истражување, и подготвување и водење наекскурзии, излети, натпревари
Одговара пред	Директор

Реден број и шифра	12 ОБН 03 02 К03 001
Звање на работно место	Наставник во основно образование
Назив на работно место	Наставник по англиски јазик
Број на извршители	04
Вид на образование	Наука за книжевноста и Образование (Англиски јазик)
Други посебни услови	
Работни цели	Стекнување на знаења и вештини на учениците по англиски јазик
Работни задачи	- Вршат подготовка и изведуваат редовна настава, дополнителна, додатна и други воннаставни активности во рамките на наставната програма и утврдениот распоред на часови и планирање на наставата во писмена или електронска форма и избор на наставни средства - Учество во работата на стручните органи на училиштето и помош во работата на ученичките организации и заедници, соработка со стучните органи на училиштето, учествуваат во работата на стручните активи, активно учествуваат во работата на одделенските совети и наставничкиот совет и учество и работа во комисии формирани од директорот или Училишниот одбор - Вршење на задачи на одделенски раководител и соработуваат со родителите поединечно и преку родителските состаноци - Менторство на учениците, менторство на приправници и студентии учество во интерно или екстерно проверување на постигнувањата на учениците - Ракуваат со збирки, наставни средства и друг прибор за изведување на настава и се здадолжени за нивно чување како и уредување на кабинети, збирки, училишни работилници и др. - Подготовка на дидактички помагала и учество во организирано стручно и дидактичко-методско образование и надоградување - Учествуваат во јавната и културната дејност, општествено корисната работа на учениците - Ја следат работата и поведението на учениците, даваат помош на учениците во нивната работа и совладувањето на наставната програма и во добивањето на позитивни навики и особинии вршат собирање и обработка на податоци во врска со воспитно-образовната работа како и водење на педагошка евиденција и документација - Припрема, прегледува и оценува ученички писмени задачи и вежби и други задачи предвидени со Наставниот план и програма во врска со наставниот процес - Организирање на културни, и други општокорисни и хумани акции во кои учествуваат учениците, водење слободни ученички активности и работа со ученици на проекти и истражување, и подготвување и водење наекскурзии, излети, натпревари
Одговара пред	Директор

Реден број и шифра	13 ОБН 03 02 К03 001
Звање на работно место	Наставник во основно образование
Назив на работно место	Наставник по германски јазик
Број на извршители	01
Вид на образование	Наука за книжевноста и Образование (Германски јазик)
Други посебни услови	
Работни цели	Стекнување на знаења и вештини на учениците по германски јазик
Работни задачи	- Вршат подготовка и изведуваат редовна настава, дополнителна, додатна и други воннаставни активности во рамките на наставната програма и утврдениот распоред на часови и планирање на наставата во писмена или електронска форма и избор на наставни средства - Учество во работата на стручните органи на училиштето и помош во работата на ученичките организации и заедници, соработка со стучните органи на училиштето, учествуваат во работата на стручните активи, активно учествуваат во работата на одделенските совети и наставничкиот совет и учество и работа во комисии формирани од директорот или Училишниот одбор - Вршење на задачи на одделенски раководител и соработуваат со родителите поединечно и преку родителските состаноци - Менторство на учениците, менторство на приправници и студентии учество во интерно или екстерно проверување на постигнувањата на учениците - Ракуваат со збирки, наставни средства и друг прибор за изведување на настава и се здадолжени за нивно чување како и уредување на кабинети, збирки, училишни работилници и др. - Подготовка на дидактички помагала и учество во организирано стручно и дидактичко-методско образование и надоградување - Учествуваат во јавната и културната дејност, општествено корисната работа на учениците - Ја следат работата и поведението на учениците, даваат помош на учениците во нивната работа и совладувањето на наставната програма и во добивањето на позитивни навики и особинии вршат собирање и обработка на податоци во врска со воспитно-образовната работа како и водење на педагошка евиденција и документација - Припрема, прегледува и оценува ученички писмени задачи и вежби и други задачи предвидени со Наставниот план и програма во врска со наставниот процес - Организирање на културни, и други општокорисни и хумани акции во кои учествуваат учениците, водење слободни ученички активности и работа со ученици на проекти и истражување, и подготвување и водење наекскурзии, излети, натпревари
Одговара пред	Директор

Реден број и шифра	14 ОБН 03 02 К03 001
Звање на работно место	Наставник во основно образование
Назив на работно место	Наставник по математика
Број на извршители	03
Вид на образование	Математика и Образование
Други посебни услови	
Работни цели	Стекнување на знаења и вештини на учениците по математика
Работни задачи	- Вршат подготовка и изведуваат редовна настава, дополнителна, додатна и други воннаставни активности во рамките на наставната програма и утврдениот распоред на часови и планирање на наставата во писмена или електронска форма и избор на наставни средства - Учество во работата на стручните органи на училиштето и помош во работата на ученичките организации и заедници, соработка со стучните органи на училиштето, учествуваат во работата на стручните активи, активно учествуваат во работата на одделенските совети и наставничкиот совет и учество и работа во комисии формирани од директорот или Училишниот одбор - Вршење на задачи на одделенски раководител и соработуваат со родителите поединечно и преку родителските состаноци - Менторство на учениците, менторство на приправници и студентии учество во интерно или екстерно проверување на постигнувањата на учениците - Ракуваат со збирки, наставни средства и друг прибор за изведување на настава и се здадолжени за нивно чување како и уредување на кабинети, збирки, училишни работилници и др. - Подготовка на дидактички помагала и учество во организирано стручно и дидактичко-методско образование и надоградување - Учествуваат во јавната и културната дејност, општествено корисната работа на учениците - Ја следат работата и поведението на учениците, даваат помош на учениците во нивната работа и совладувањето на наставната програма и во добивањето на позитивни навики и особинии вршат собирање и обработка на податоци во врска со воспитно-образовната работа како и водење на педагошка евиденција и документација - Припрема, прегледува и оценува ученички писмени задачи и вежби и други задачи предвидени со Наставниот план и програма во врска со наставниот процес - Организирање на културни, и други општокорисни и хумани акции во кои учествуваат учениците, водење слободни ученички активности и работа со ученици на проекти и истражување, и подготвување и водење наекскурзии, излети, натпревари
Одговара пред	Директор

Реден број и шифра	15 ОБН 03 02 К03 001
Звање на работно место	Наставник во основно образование
Назив на работно место	Наставник по информатика
Број на извршители	01
Вид на образование	Информатика, Образование и Компјутерска технологија и образование
Други посебни услови	
Работни цели	Стекнување на знаења и вештини на учениците по информатика
